Почитувани родители,

Ја обработувавме вештината „Поздравување“. Ви испраќаме материјал во кој се прикажани компоненти на оваа вештина, социјална приказна и материјал за формални и неформални начини на поздравување како би ја организирале вежбата дома. Креирајте ситуации каде ќе ја примените оваа вештина Можете да користите и спонтано настанати ситуации или некои рутини, како на пример доаѓањето на детето дома или ситуации кога некој доаѓа во вашиот дом.

Во тоаа прилика, прво прашајте го детето што треба да направи за да се поздрави (можете да ги користите и сликовни потсетници во прилог). Како потсетник, материјалот „Формални и неформални поздрави“ може да го разгледате пред самото вежбање. Дадете му задача да поздрави на соодветен начин најмалку две други лица, двајца соседи и продавачот во омилената продавница каде што секојдневно купувате.

Ве молиме, запишете ги деталите за вежбањето дома во тетратка (каде детето вежба, со кого, дали беше успешно, кои делови од вештината беа предизвик за него).

Социјалната приказна „Поздравување“ детето треба да ја чита само или со ваша помош најмалку еднаш во текот на денот. Разбирањето се проверува на повеќе начини. Ученикот може да ја пополни листата со контролни прашања или писмени одговори. Проверете дали ученикот ја разбрал приказната, поставете му прашање и барајте да ви покаже како ќе постапи следниот пат кога ќе се сретне со личност која ја познава.

Доколку имате било какви прашања или тешкотии, ви стојам на располагање.

Ви благодарам за соработката.

Со почит,

[Вашето име]